**Регулатива (ЕЗ) бр. 820/2008 на Комисијата**

**од 8 август 2008 год.**

**за утврдување мерки за спроведување на заеднички основни стандарди за воздухопловно обезбедување**

(Текст со важност за ЕЕО)

КОМИСИЈАТА НА ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ,

имајќи го предвид Договорот за основање на Европската заедница,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002 на Европскиот парламент и на Советот од 16 декември 2002 год. за утврдување заеднички правила во полето на обезбедувањето на цивилното воздухопловство [1], а особено член 4(2) од истата,

Со оглед на тоа што:

(1) Од Комисијата се бара, во согласност со член 4(2) на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002, по потреба, да донесе мерки за спроведување на заеднички основни стандарди за воздухопловно обезбедување низ целата Заедница. Регулативата (ЕЗ) бр. 622/2003 на Комисијата од 4 април 2003 год. за утврдување мерки за спроведување на заеднички основни стандарди за воздухопловно обезбедување[2] беше првиот акт со кој се пропишуваат такви мерки.

(2) Регулативата (ЕЗ) бр. 622/2003 е изменета 14 пати од нејзиното донесување. Во интерес на јасноста и рационалноста соодветно е да се консолидираат сите измени во нова регулатива.

(3) Член 8(1) од Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002 пропишува дека мерките за спроведување донесени од страна на Комисијата согласно член 4(2) на таа регулатива се тајни и не се објавуваат кога се однесуваат на критериумите за изведбата и на тестовите за прифаќање на опремата, на детални процедури во врска со чувствителни информации или на детални критериуми за изземање од безбедносни мерки. Членот 3 на Регулативата (ЕЗ) бр. 622/2003 дополнително предвидува дека мерките за спроведување пропишани со овој Анекс се тајни, не се објавуваат и се достапни само на лица кои се соодветно овластени од страна на земјата-членка или на Комисијата. Со последователните измени на Регулативата (ЕЗ) бр. 622/2003 е пропишано дека оваа одредба се однесува на тие измени.

---

[1] Сл.весник L 355, 30.12.2002, стр. 1 Регулатива изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 849/2004 (Сл.весник L 158, 30.4.2004 г., стр. 1, коригирана со Сл.весник L 229, 29.6.2004 год., стр.3).

[2] Сл. весник L 89, 5.4.2003 год., стр. 9. Регулатива последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 358/2008 на Комисијата (Сл.весник L 111, 23.4.2008 г., стр.5).

(4) За да се подобри транспарентноста на мерките за спроведување кои до сега ги донела во согласност со член 4(2) на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002, Комисијата ги ревидираше мерките содржани во Анексот на Регулативата (ЕЗ) бр.622/2003, последователно изменета, во согласност со критериумите предвидени со член 8(1) на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002. Со оваа ревизија е покажано дека многу од тие мерки не треба да се чуваат како тајни и затоа треба да се објават во Службениот весник на Европската унија.

(5) Сепак, останува важно да се чуваат во тајност одредени мерки, чие објавување може да го олесни нивното одбегнување и извршување на дејства на незаконско постапување. Тие мерки, особено, вклучуваат одредени детални процедури и изземања од нив, во врска со безбедносниот преглед на возила кои влегуваат во безбедносно ограничени зони, претрес на воздухоплови и на патници, постапување со недисциплинирани патници, безбедносен преглед на непридружен тежок багаж и на тежок багаж со употреба на системи за откривање на експлозив и контрола на карго и пошта, како и технички спецификации за опрема за безбедносен преглед. Овие мерки треба да се донесат посебно, со помош на одлука упатена до сите земји-членки.

(6) Треба да се овозможи да се направи разлика помеѓу аеродромите во смисол на локална проценка на ризикот. Затоа, Комисијата треба да биде информирана за аеродромите кои се смета дека претставуваат помал ризик.

(7) Треба да се дозволат и мерки за спроведување според типот на воздухопловна активност. Комисијата треба да биде информирана кога се применуваат компензациони мерки, за да се осигурат исти нивоа на обезбедување.

(8) Мерките предвидени со оваа Регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот за обезбедување на цивилното воздухопловство,

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАВА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

**Цел**

Со оваа Регулатива се утврдуваат мерки за спроведување и техничко прилагодување на заедничките основни стандарди за воздухопловно обезбедување, кои треба да се вклучат во националните програми за обезбедување на цивилното воздухопловство.

*Член 2*

**Дефиниции**

За целите на оваа Регулатива се применуваат следниве дефиниции:

-„национална програма за обезбедување на цивилното воздухопловство“ значи оние регулативи, практики и процедури кои ги донесуваат земјите-членки, во согласност со член 5 на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002, за да го осигурат обезбедувањето на цивилното воздухопловство на нивната територија,

-„соодветен надлежен орган“ значи националниот надлежен орган определен од страна на земјата-членка во согласност со член 5(2) на Регулативата (ЕЗ) бр 2320/2002, кој треба да биде одговорен за координација и следење на спроведувањето на неговата национална програма за обезбедување на цивилното воздухопловство;

*Член 3*

Мерките од член 1 се наведени во Анексот.

*Член 4*

**Нови технички методи и процеси**

1. Земјите-членки можат да дозволат технички метод или процес за безбедносни контроли кој се користи наместо оние пропишани со Анексот, доколку:

(а) се користи заради вршење на проценка на нов начин на спроведување на односната безбедносна контрола; и

(б) нема негативно да влијае на севкупното ниво на обезбедување кое се одржува.

2. Најмалку четири месеци пред неговото планираното воведување, односната земја-членка написмено ја известува Комисијата и другите земји-членки за предложениот нов метод или процес кој планира да го дозволи, вклучувајќи и проценка која покажува како ќе гарантира дека примената на новиот метод или процес ќе го исполни условот од точка (б) на став 1. Известувањето исто така содржи детални информации за местото, -ата каде што ќе се употребуваат методот или процесот и планираната должина на периодот на проценка.

3. Ако Комисијата позитивно ѝ одговори на земјата-членка, или ако не се добие никаков одговор во рок од три месеци по приемот на писменото барање, земјата-членка може да дозволи воведување на нов метод или процес.

Ако Комисијата не е уверена дека предложениот нов метод или процес обезбедува доволно гаранции дека севкупното ниво на воздухопловно обезбедување ќе се одржи во Заедницата, тогаш Комисијата ја известува земјата-членка за тоа во рок од три месеци од приемот на известувањето од став 2, објаснувајќи ги работите кои ги смета за проблематични. Во таква околност односната земја-членка нема да започне со методот или процесот додека Комисијата не е задоволна.

4. Максималниот период на проценка за секој технички метод или процес изнесува 18 месеци. Комисијата може да го продолжи овој период на проценка најмногу за

уште 12 месеци, под услов земјата-членка да обезбеди соодветно оправдување за продолжувањето.

5. Во интервали од најмногу шест месеци во текот на периодот на проценка, соодветниот надлежен орган во односната земја-членка ú обезбедува на Комисијата извештај за напредокот на проценката. Комисијата ги известува другите земји-членки за содржината на извештајот за напредокот.

6. Ниту еден период на евалуација не смее да биде подолг од 30 месеци.

*Член 5*

**Известување**

Земјите-членки ја известуваат Комисијата написмено за сите аеродроми на кои ја искористиле опцијата дозволена согласно точка (а) или точка (в) од член 4(3) на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002.

*Член 6*

**Компензациски мерки**

Земјите-членки ја известуваат Комисијата во писмена форма за компензациските мерки кои се применуваат во согласност со точка 4.2 на Анексот на Регулативата (ЕЗ) 2320/2002.

*Член 7*

Регулатива (ЕЗ) бр. 622/2003 на Комисијата се укинува.

*Член 8*

Оваа Регулатива влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија.*

Оваа Регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 8 август 2008 год.

*За Комисијата*

*Антонио Тајани*

*Потпретседател*

АНЕКС([1])

## 1. **ДЕФИНИЦИИ**

Освен дефинициите утврдени со Анексот на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002, се применуваат следниве дефиниции:

1.1. „СКПСА“ значи Систем за контрола на пристапот и за следење на алармот со кој електронски се контролира пристапот до вратите, излезите за патниците на авион и другите влезни точки, кои директно или индиректно водат до безбедносно ограничени зони и кои го алармираат надлежниот орган кога ќе се случи недозволен влез;

1.2. „корисник на аеродром“ значи кое било физичко или правно лице одговорно за превоз на патници, пошта и/или товар по воздушен пат од аеродромот за кој станува збор или до него, како што е определено со член 2 од Директивата бр. 96/67/ЕЗ на Советот[2];.

1.3. „прифаќање и испраќање“ значи услугите кои им се даваат на корисниците на аеродромите, опишани во Анексот на Директивата 96/67/ЕЗ;

1.4. „авиопревозник“ значи претпријатие за воздушен сообраќај со важечка дозвола за работа, кое врши сообраќај;

1.5. „сервисен дел“ значи надворешна влезна точка на воздухопловот која се користи за обезбедување услуги за воздухопловот; во нив спаѓаат вода, тоалет, електрични приклучоци на земја и други сервисни оддели кои имаат надворешни склопливи делови;

1.6. „воздухоплов кој не е во употреба“ значи воздухоплов кој е паркиран во текот на повеќе од 12 часа или не е под надзор кој е доволен за да се открие недозволен пристап.

## 2. **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА АЕРОДРОМОТ**

### 2.1. **Услови за планирање на аеродромот**

Нема одредби во оваа Регулатива.

---

[1] Овој Анекс има иста структура и нумерирање како Анексот на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002. Кога со оваа Регулатива не се донесува никаква одредба за спроведување на техничкото прилагодување на заедничките основни стандарди, ова се наведува јасно под соодветниот наслов.

[2] Сл. весник L 272, 25.10.1996 г., стр. 36.

2.2. **Контрола на пристапот**

2.2.1. *Безбедносно ограничени зони и други контролирани зони внатре во аеродромот*

1. Соодветниот надлежен орган осигурува дека се контролира пристапот до безбедносно ограничените зони.

Онаму каде што безбедносно неограничените зони се граничат со безбедносно ограничени зони и овозможуваат пристап до безбедносно ограничени зони треба да се воспостават граници и контроли кои се доволни за да се открие недозволен пристап и да се преземат соодветни мерки.

2. Соодветниот надлежен орган кој дозволува пристап до безбедносно ограничените зони осигурува дека целиот персонал со пристап до овие области спроведува строги мерки за контрола на пристапот. Во тие мерки спаѓаат:

(а) персоналот со легитимација издадена од аеродромот, за пристап до безбедносно ограничени зони е запознат со документите кои се издадени од аеродромот, како и со оние кои не се издадени, но се одобрени од аеродромот, и каде тие важат за пристап до безбедносно ограничени зони;

(б) персоналот го повикува соодветниот надлежен орган или ги пријавува кај него сите лица во безбедносно ограничените зони, кои не покажале важечки документ за идентификација;

(в) персоналот го повикува соодветниот надлежен орган или ги пријавува кај него сите недозволени возила, кои ќе се забележат во безбедносно ограничените зони.

3. Соодветниот надлежен орган во Националната програма за воздухопловно обезбедување осигурува дека аеродромските легитимации кои овозможуваат пристап до безбедносно ограничени зони се контролираат на следниов начин:

(а) аеродромските легитимации го ограничуваат пристапот на персоналот само до области определени поради потребите на работењето;

(б) по завршувањето или промената на статусот на вработување, аеродромската легитимација на вработениот им се враќа на аеродромските власти и се уништува;

(в) Од сопственикот се бара веднаш да го извести работодавецот и надлежниот орган кој го врши издавањето за загубата или кражбата на неговата аеродромска легитимација. По известувањето, аеродромската легитимација веднаш се поништува.

4. Соодветниот надлежен орган осигурува дека вратите за пристап кои се користат само за истоварување од авионот, преку кои е овозможен пристап до безбедносно ограничените зони остануваат отворени само во текот на процесот на истоварување од авионот.

5. Контролните места за безбедносен преглед се штитат со чувари или со соодветна опрема за надзор, за да се одврати и спречи непочитување на мерките за безбедност на влезните и излезните патеки на контролните места за безбедносен преглед, како и за да се заштити и персоналот вклучен во процесот на вршењето на прегледот.

6. Материјалите кои се складираат во безбедносно ограничени зони и во други контролирани зони внатре во аеродромот/воздухопловното пристаниште (airside), кои се користат за обработка на патници и тежок багаж треба постојано да се под заштита или под надзор, за да се спречи неовластен пристап до нив. Поништените материјали се уништуваат, за да се осигури дека не ги користат неовластени лица.

Системите за контрола на поаѓањето и системите за чекирање на аеродромите се контролираат, со цел да се спречи неовластен пристап.

Самостојното чекирање и применливите интернет опции кои е дозволено да ги користат патниците се сметаат за овластен пристап до тие материјали или системи.

2.2.2. *Терминални зони*

Условите утврдени со 2.2.1.6 се однесуваат и на терминалните области, кои се достапни за јавноста.

2.2.3. *Други јавни зони*

Нема одредби во оваа Регулатива.

2.3. **Безбедносен преглед на персонал, предмети кои се превезуваат и возила**

2.3.1. *Безбедносен преглед на персонал и предмети кои се превезуваат*

Безбедносниот персонал може да одбие влез во безбедносно ограничена зона на кој било член на персоналот кој поседува предмет за кој тие сметаат дека е проблематичен.

2.3.2. *Безбедносен преглед на возила*

1. Возилата се проверуваат со цел да се откријат забранети предмети и неовластени лица.

2. Возачот и кои било други патници во возилото нема да бидат во возилото кога ќе се врши проверката.

2.3.3. *Безбедносни процедури за залихи на течности и торби за кои се гледа ако некој ги отворил.*

Општи одредби

1. „Залихите на течности“ се сметаат за течности за продажба во продажни места кои се наоѓаат или во контролирана зони внатре во аеродромот/воздухопловното пристаниште (airside), надвор од местото каде се контролираат бординг картите или во безбедносно ограничена зона, од нивниот прв прием во контролирана зони внатре во аеродромот/воздухопловното пристаниште (airside) до нивната испорака до такви продажни места.

2. „Залихите на торби за кои се гледа дека некој ги отворил“ се сметаат за торби за кои се гледа дека некој ги отворил заради употреба во продажни места, кои се наоѓаат во контролирана зона внатре во аеродромот/воздухопловното пристаниште (airside), надвор од местото каде се контролираат бординг картите, од нивниот прв прием во контролирани зони внатре во аеродромот/воздухопловното пристаниште (airside), до нивната конечна употреба.

Проверки на залихите

Нема одредби во оваа Регулатива.

Познат добавувач

Нема одредби во оваа Регулатива.

Торби за кои се гледа дека некој ги отворил

3. Залихите на торби за кои се гледа дека некој ги отворил се доставуваат во пакување за кое се гледа дека некој го отворил до продажни места кои се наоѓаат надвор од контролирана зона внатре во аеродромот/воздухопловното пристаниште (airside), надвор од местото каде се контролираат бординг картите.

4. По приемот во тие продажни места и до нивната конечна употреба, залихите на торби за кои се гледа дека некој ги отворил се заштитуваат од неовластено вмешување.

2.4. **Физичко обезбедување и патроли**

Нема одредби во оваа Регулатива.

## 3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИТЕ

### 3.1. Претрес и проверка на воздухоплови

Авиопревозникот осигурува дека персоналот кој врши безбедносен претрес на воздухопловот и безбедносна проверка на воздухопловот е запознаен со типот на

воздухопловот кој се контролира и дека има поминато соодветна обука за вршење на тие активности.

3.1.1. *Безбедносна проверка на воздухопловот*

По завршување на безбедносната проверка на воздухопловот, авиопревозникот води евиденција во текот на 24 часа или во текот на времетраењето на летот, во зависност од тоа што трае подолго.

3.1.2. *Безбедносен претрес на воздухопловот*

1. По завршување на безбедносниот претрес на воздухопловот, авиопревозникот води евиденција во текот на 24 часа или во текот на времетраењето на летот, во зависност од тоа што трае подолго.

2. Безбедносниот претрес на воздухопловот се врши во празна кабина на воздухопловот.

3.2. **Заштита на воздухоплови**

Авиопревозникот е одговорен за утврдување на заштитата на неговиот воздухоплов.

## 4. **ПАТНИЦИ И КАБИНСКИ БАГАЖ**

4.1. **Безбедносен преглед на патници**

4.1.1. *Забранети предмети*

1. На патниците не им е дозволено да ги носат следниве предмети во безбедносно ограничената зона и во кабината на воздухопловот:

(а) Пушки, огнено оружје и оружје

Кој било предмет од кој може или од кој изгледа дека може да се испука проектил или да се предизвика повреда, вклучувајќи го и:

-целото огнено оружје (пиштоли, револвери, пушки, сачмарки итн.)

-копии и имитации на огнено оружје

-составни делови на огнено оружје (со исклучок на телескопски направи за забележување и нишани),

-пневматски пиштоли, пушки и сачмарки,

-сигнални пиштоли,

-пиштоли за означување на старт,

-пиштоли - играчки од сите видови,

-пиштоли на кугла,

-пневматски пиштоли,

-арбалети,

-катапулти,

-харпуни и стрели за риболов,

-рачни пиштоли за успивање на животни

-направи за онеспособување или шокирање, како на пример електричен стап за стока, балистичко оружје со висок напон (тасери),

-запалки во вид на огнено оружје.

(б) Шилесто/остро оружје и остри предмети

Шилести предмети или предмети со сечила, кои можат да нанесат повреда, вклучувајќи и:

-секири и секирчиња,

-стрели и стрелички,

-крампони,

-харпуни и копја,

-алпинистичко секирче и секирче за мраз,

-лизгалки за лед,

-ножеви кои се заклучуваат или ножеви на преклоп со сечила со која било должина,

-ножеви, вклучувајќи и ритуални ножеви со сечила подолги од 6 см, изработени од метал или кој било друг материјал кој е доволно цврст да се искористи како потенцијално оружје,

-месарски ножеви,

-мачети,

-отворени бричеви и сечила (со исклучок на безбедносни бричеви или бричеви за една употреба со сечила во картриџ),

-сабји, мечеви и бастуни со скриен меч,

-скалпели,

-ножици со сечила подолги од 6 см,

-стапови за скијање, одење/планинарење,

-ѕвездички што се фрлаат,

-занаетчиски алатки кои можат да се употребат како шилесто или остро оружје, како на пр. дупчалки и бургии од дупчалки, кујнски ножеви, сите видови секири, шрафцигери, хебли, чекани, клешти, клуч за стегнување/виљушкаст клуч, лет-ламби).

(в) Тапи инструменти

Кој било тап инструмент кој може да нанесе повреда, вклучувајќи и:

-палки за бејзбол и софтбол,

-палки или пендреци-несвитливи или свитливи-на (пр.billy clubs, палки, пендреци и штафетни палки),

-палки за крикет,

-палки за голф,

-стапови за хокеј,

-стапови за лакрос,

-весла за кајак и кану,

-скејтбордови,

-стапови за билијард, снукер и американски билијард,

-рибарски стапови,

-опрема за боречки вештини, (на пример боксирачи, палки, метални/гумени палки, чукалки, нунчаки, кубатони, кубасаунти).

(г) Експлозиви и запаливи супстанци

Кои било хемиски или високо согорливи супстанци кои претставуваат опасност за здравјето на патниците и екипажот или обезбедувањето/безбедноста на воздухопловот или имотот, вклучувајќи и:

-муниција,

-каписли,

-детонатори и фитиљи,

-експлозиви и експлозивни направи,

-копии или имитации на експлозивен материјал или направи,

-мини и други експлозивни воени резерви,

-гранати од сите видови,

-плин и плински боци на (пр. бутан, пропан, ацетилен, кислород)-во голема количина,

-огномет, сигнални ракети во која било форма и друга пиротехника (вклучувајќи и бомбички за забава и играчки-каписли),

-кибрит кој не е безопасен,

-канистри или кертрици кои создаваат чад,

-запаливо течно гориво како на (пр. бензин, дизел, полесна течност, алкохол, етанол),

-боја во вид на аеросолен спреј,

-терпентин и разредувач за боја

-алкохолни пијалаци кои содржат повеќе од 70 % по количина (тест на 140 %)

(д) Хемиски и токсични супстанци

Кои било хемиски или токсични супстанци кои претставуваат опасност за здравјето на патниците и екипажот или обезбедувањето или безбедноста на воздухопловот или имотот, вклучувајќи и:

-киселини и бази, (како на пр.батерии со електролит, кој може да се растече);

-корозивни супстанци или супстанци за белење-(на пр. жива, хлор),

-спрејови за онеспособување (како на пр. мејс, спреј на база на бибер, солзавец)

-радиоактивен материјал, (на пр. вклучувајќи и медицински или комерцијални изотопи),

-отрови,

-инфективни или биолошки опасни материјали (на пр. инфицирана крв, бактерии и вируси),

-материјал кој може самиот да се запали или согори,

-противпожарни апарати.

(ѓ) Течности

Освен ако не се во посебни садови со капацитет од најмногу 100 мililитри или нивни еквиваленти и ако не се ставени во проѕирна пластична торба која може одново да се затвори, со капацитет кој изнесува најмногу еден литар. Содржината на пластичната торба одговара на нејзината големина, а торбата е целосно затворена. Во течности спаѓаат гелови, пасти, лосиони, течно/цврсти смеси, како и содржината на садови под притисок (на пр. забна паста, гел за коса, пијалаци, супи, сирупи, парфем, гел за бричење, аеросоли и други предмети со слична содржина).

Може да се одобрат исклучоци доколку течноста:

1. се планира да се користи во текот на патувањето и е потребна за здравствени цели или поради посебен режим на исхрана, вклучувајќи и бебешка храна. Кога од патникот се бара, тој дава доказ за автентичноста на изземената течност; или

2. е набавена во ограничената зона надвор од местото каде се контролираат бординг картите, од продавници кои подлежат на одобрени безбедносни процедури како дел од програмата за обезбедување на аеродромот, под услов течноста да е спакувана во торба на која се гледа ако некој ја отворил и покажува задоволителен доказ дека е купена на тој аеродром на тој ден; или

3. е набавена во безбедносно ограничена зона од продавници кои подлежат на одобрени безбедносни процедури, како дел од програмата за обезбедување на аеродромот; или

4. е набавена на друг аеродром на Заедницата, под услов течноста да е спакувана во торба на која се гледа ако некој ја отворил и ако се покаже задоволителен доказ дека е купена во ограничената зона на тој аеродром на тој ден; или

5. е набавена во воздухоплов на авиопревозник на Заедницата, под услов течноста да е спакувана во торба на која се гледа ако некој ја отворил и ако се покаже задоволителен доказ дека е купена во воздухопловот тој ден; или

6. е добиена од продажни места кои се наоѓаат во контролирана зона внатре во аеродромот/воздухопловното пристаниште (airside), надвор од местото каде се контролираат бординг картите или во безбедносно ограничена зона на аеродромот која се наоѓа во трета земја наведена во Прилог 1.

Комисијата може да одлучи, во согласност со процедурата од член 9(2) на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002, во Прилог 1 да вклучи аеродром од трета земја, доколку се исполнети следниве услови:

-третата земја има добра евиденција за соработката со Заедницата и нејзините земји-членки, и

-по проверката, Комисијата потврдила дека:

(а) третата земја применува задоволителни стандарди за воздухопловното обезбедување; и

(б) се применуваат безбедносни мерки на аеродромот кои се еднакви на оние предвидени со став 2.3.3 на овој Анекс и став 2.3.6 од Одлуката на Комисијата од 8 август 2008 год. [1]и

(в) препорачаните упатства за безбедносна контрола на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство за безбедносен преглед на течности, гелови и аеросоли се спроведуваат на аеродромот, како што е утврдено во писмото до земјите од 1 декември 2006 год. (Референца: AS 8/11-06/100 доверливо) и во писмото до земјите од 30 март 2007 год. (Референца: AS 8/11-07/26 доверливо) или, во случај на торби за кои се гледа дека некој ги отворил, исти спецификации; и

(г) торба за која се гледа дека некој ја отворил во која е поставена течност покажува задоволителен доказ за купување во контролираната зона внатре во аеродромот/воздухопловното пристаниште (airside), на аеродром на трета земја во текот на претходните 36 часа.

2. Патникот може да се изземе од условите од точка 4.1.1.1 доколку:

(а) Соодветниот надлежен орган бил однапред информиран и дал согласност дека предметот (-ите) можат да се носат; и

(б) Капетанот на воздухопловот е информиран за патникот и за забранетиот предмет (и) кои тој/таа ги носи.

Каде што одговара забранетиот предмет (и) се поставуваат во безбедни услови.

3. Листата на забранети предмети од точка 4.1.1.1 и информациите за дозволените изземања ú се ставаат на располагање на јавноста.

---

[1] Одлука која се уште не е објавена во Службен весник.

4. Соодветниот надлежен орган може да забрани и други предмети, освен оние опфатени со точка 4.1.1.1. Соодветниот надлежен орган прави разумни напори да ги информира патниците за тие предмети, пред тие да ја завршат процедурата за чекирање на тежок багаж.

5. Освен ако не е забрането согласно точка 5.2.3.1 предметите забранети согласно точките 4.1.1.1 или 4.1.1.4 можат да се носат како тежок багаж, под услов патниците да немаат пристап без надзор до тој багаж од местото на кое е извршено чекирање на багажот до местото на кое тој повторно се подигнува при пристигнување.

6. Персоналот за обезбедување може да одбие пристап до безбедносно ограничена зона и до кабината на воздухопловот на патник кој поседува предмет кој не е наведен под точка 4.1.1.3, а кој тој го смета за проблематичен.

4.1.2. *Калибража на метал-детекторска врата*

Нема одредби во оваа Регулатива.

4.1.3. *Безбедносен преглед на патници со намалена подвижност*

Нема одредби во оваа Регулатива.

4.1.4. *Безбедносни одредби за потенцијални недисциплинирани патници*

1. Се воведуваат посебни безбедносни мерки за превоз по воздушен пат на следниве групи на потенцијално недисциплинирани патници:

(а) Депортивци:

-лицата на кои законски им бил дозволен влез во земја-членка од страна на нејзините надлежни органи или кои незаконски влегле во земја-членка и на кои подоцна формално им било наредено од страна на надлежните органи да ја напуштат таа земја-членка.

(б) Лица на кои не им е дозволен влез

-на лицата на кои не им е дозволен влез во земја-членка од страна на надлежните власти и кои се превезуваат назад до нивната земја на заминување или до која било друга земја каде се дозволува влез на лицата.

(в) Лица во притвор:

-лица кои се во затвор или се осудени, кои треба да се превезат.

2. Надлежните органи го известуваат односниот авиопревозник навремено по писмен пат кога планираат да внесат во воздухопловот потенцијално недисциплинирани патници.

3. Писменото известување до авиопревозникот и до водачот на воздухопловот ги содржи следниве податоци:

-идентитет на лицето,

-причина за превоз,

-име и назив на придружникот, -ците, доколку се обезбедени,

-проценка на ризикот од страна на надлежните органи (вклучувајќи и причини поради кои има или нема придружба),

-однапред одреден распоред на седење, доколку е потребно, и

-природа на расположивата, -ите исправа, -и.

4. Се воведуваат посебни безбедносни мерки за недисциплинирани патници. Недисциплинирани патници се лица кои, од моментот на затворање на вратата на воздухопловот до моментот кога таа повторно ќе се отвори по слетувањето на цивилниот воздухоплов извршуваат:

-напад, заплашување, заканување или намерна невнимателност, што го загрозува добриот ред или безбедноста на имотот или лицата,

-напад, заплашување, заканување или попречување на член на екипажот при вршењето на неговите должности или намалување на неговата способност за вршење на должностите,

-намерна невнимателност или оштетување на воздухопловот, неговата опрема или поврзаните структури и опремата, што може да го загрози добриот ред и безбедноста на воздухопловот или патниците во него,

-пренесување на информации за кои се знае дека се погрешни, притоа загрозувајќи ја безбедноста на воздухопловот во лет,

-непочитување на законски команди или инструкции за безбеден, уреден и ефикасен сообраќај.

5. Лицата во притвор треба секогаш да имаат придружба.

4.2. **Одделување на патниците**

Доколку дел од капацитетите на воздухопловното пристаниште кои се наоѓаат помеѓу контролните места за безбедносен преглед, а местото за влегување во воздухопловот го користеле патници во пристигнување на кои не е извршен безбедносен преглед според податоците содржани во Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002, оваа зона се пребарува за да се осигури дека не се оставени забранети

предмети пред кој било патник на кој е извршен безбедносен преглед да влезе во воздухопловот.

4.3. **Безбедносен преглед на кабински багаж**

1. Сите течности се покажуваат на местата за безбедносен преглед заради проверка.

2. Преносливите компјутери и другите големи електрични предмети се отстрануваат од кабинскиот багаж пред да се изврши безбедносниот преглед и им се врши безбедносен преглед посебно.

3. Капутите и јакните на патниците подлежат на безбедносен преглед како посебни парчиња кабински багаж.

4.3.1. *Безбедносен преглед на кабински багаж со употреба на висококвалитетна рентгенска опрема со вграден и употребен ПСО.*

Нема одредби во оваа Регулатива.

4.4. **Безбедносен преглед на дипломати**

Нема одредби во оваа Регулатива.

## 5. ТЕЖОК БАГАЖ

5.1. **Сложување на тежок багаж**

Нема одредби во оваа Регулатива.

5.2. **Безбедносен преглед на тежок багаж**

5.2.1. *Придружуван тежок багаж*

1. Авиопревозникот осигурува дека секој патник патува на истиот лет како и неговиот чекиран тежок багаж. Ако не е така, тој тежок багаж се смета за непридружуван багаж.

2. Соодветниот надлежен орган во својата Национална програма за воздухопловно обезбедување пропишува детални процедури за тоа како треба да се исполни целта за безбедносен преглед во случај на дефект на опремата за безбедносен преглед.

5.2.2. *Непридружуван тежок багаж*

Авиопревозникот кој прифаќа непридружен тежок багаж од друг авиопревозник добива писмена евиденција дека на овој тежок багаж биле извршени безбедносните контроли детално опишани во Анексот на Регулативата(ЕЗ) бр. 2320/2002 пред да се прифати превозот.

5.2.3. *Забранети предмети за тежок багаж*

1. Следниве предмети не се ставаат во тежок багаж:

-експлозиви, вклучувајќи и детонатори, фитили, гранати, мини и експлозиви,

-гасови, вклучувајќи и пропан и бутан,

-запаливи течности, вклучувајќи и бензин, метанол,

-запаливи цврсти материи и реактивни супстанци, вклучувајќи и магнезиум, потпалки, огномет, сигнални ракети,

-оксидирачи и органски пероксиди, вклучувајќи и хидроген, сетови за поправка на каросерија на автомобил,

-токсични или инфективни супстанци, вклучувајќи и отров за глувци, инфицирана крв,

-радиоактивен материјал, вклучувајќи и медицински или комерцијални изотопи,

-корозивни материјали, вклучувајќи и жива, акумулатори,

-составни делови на системот за гориво на возилото, кои содржеле гориво.

2. Листата на забранети предмети од точка 5.2.3.1 ú се става на располагање на јавноста во агенциите на авиопревозниците и на други соодветни начини.

3. Соодветниот надлежен орган може да забрани и други предмети, освен оние опфатени со точка 5.2.3.1. Соодветниот надлежен орган прави разумни напори да ги информира патниците за тие предмети.

4. Персоналот од обезбедувањето може да го одбие превозот на тежок багаж кој содржи предмет, кој не е опфатен со точка 5.2.3.1, а за кој тој смета дека е проблематичен.

5.2.4. *Безбедносен преглед на тежок багаж со употреба на Системи за откривање на експлозиви (СОЕ)*

Нема одредби во оваа Регулатива.

5.2.5. *Безбедносен преглед на придружен тежок багаж со употреба на конвенционална рендгенска опрема со вграден и употребен ПСО.*

Нема одредби во оваа Регулатива.

5.3. **Заштита на тежок багаж**

1. Пристапот до областите за средување и складирање на багаж е ограничен на персоналот кој има оперативно барање да влезе во областа. Тука спаѓаат оние кои се вклучени во натоварување, растоварување и заштита на тежок багаж и лица, кои соодветниот надлежен орган ги овластил да им биде дозволен пристап во сортирницата и зоната за складирање на багаж.

2. На патниците може да им се дозволи пристап до нивните сопствени парчиња на проверен тежок багаж, онаму каде што тоа е потребно, доколку се целосно проверени, за да се осигури дека ниту еден забранет предмет не е:

(а) внесен во тешкиот багаж; или

(б) отстранет од тешкиот багаж и внесен во кабината на воздухопловот или безбедносно ограничената зона.

## 6. **КАРГО, БРЗИ И ЕКСПРЕСНИ ПРАТКИ**

### 6.1. **Примена**

За целта на оваа Регулатива:

„регистриран испраќач“ значи испраќач, чии пратки можат позитивно да се идентификуваат за превоз само на воздухоплови наменети само за товар, како што е наведено во точка 6.5 на Анексот на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002.

### 6.2. **Квалификации за овластен застапник**

Определување, одобрение или наведување во список од страна на соодветниот надлежен орган

6.2.1. За еден субјект да биде определен, одобрен или наведен на список од страна на соодветниот надлежен орган како овластен застапник, земјите-членки осигуруваат дека се спроведува следнава процедура:

(а) Субјектот поднесува барање до соодветниот надлежен орган на земјата-членка во која се наоѓа за добивање на статус на овластен застапник.

Кандидатот поднесува програма за обезбедување до соодветниот надлежен орган. Во таа програма се опишани методите и процедурите кои треба да ги следи застапникот, за да биде во сообразност со оваа Регулатива и со националната програма за обезбедување на цивилното воздухопловство на земјата-членка во која тој се наоѓа. Во програмата исто така е опишано како самиот застапник треба да го следи сообразувањето со овие методи и процедури.

Кандидатот исто така поднесува писмена изјава за својата посветеност на одржување на стандардите за обезбедување пропишани во оваа програма и веднаш да го извести соодветниот надлежен орган за кои било промени во неговата

програма. Изјавата ја потпишува законскиот претставник или лицето кое е одговорно за обезбедување.

(б) Соодветниот надлежен орган ја прегледува програмата за обезбедување, за да осигури дека безбедносните мерки предвидени со програмата го исполнуваат потребниот стандард. Соодветниот надлежен орган врши проверка на самото место во просториите на кандидатот кои треба да се опфатат за да се процени дали кандидатот може да се сообразува со оваа Регулатива и со националната програма за воздухопловно обезбедување на земјата-членка во која се наоѓаат просториите.

(в) Ако соодветниот надлежен орган е задоволен со информациите наведени под точките (а) и (б) може да го определи, одобри или наведе во список застапникот како овластен застапник за определени локации.

Оваа процедура се применува најдоцна од 1 март 2008 год.

6.2.2. Инспекција од страна на соодветниот надлежен орган во просториите на овластениот застапник може да се смета за проверка на самото место заради целите на точка 6.2.1 (б).

6.2.3. Ако соодветниот надлежен орган повеќе не е уверен дека овластениот застапник може да се сообрази со оваа Регулатива и со националната програма за обезбедување на цивилното воздухопловство, тој го поништува статусот на овластен застапник.

6.3. **Безбедносни контроли**

6.3.1. Кога се врши безбедносен преглед на товар во согласност со точка 6.3.1(б) на Анексот на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002, застапниците или авиопревозниците:

(а) ги користат средствата или методот со кои постои најголема веројатност дека ќе се откријат забранети предмети, земајќи ја предвид природата на пратката; и

(б) осигуруваат дека употребените средства или метод се според или до стандард, кој е доволен да се осигури дека во товарот не се сокриени забранети предмети.

6.3.2. Соодветниот надлежен орган ја известува Комисијата за сите други средства, наведени во точка 6.3.1 (б) под (iv) од Анексот на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002, кои ги дозволува за безбедносен преглед на карго.

6.4. **Критериуми за познат испраќач**

6.4.1. Декларацијата на познатиот испраќач наведена во точка 6.4.1 (б) од Анексот на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002 се врши еднаш годишно во писмена форма и со употреба на стандардизиран национален формат.

Декларацијата вклучува и потврда дека пратките не содржат забранети предмети, како што е наведено во точките (iv) и (v) од Прилогот, наведени во точка 6.4.1 (в) под (i) на Анексот на Регулативата (ЕЗ) бр. 2320/2002.

Познатиот испраќач прифаќа целосна одговорност за својата декларација.

6.4.2. Кога пратката содржи некакви забранети предмети, познатиот испраќач постојано му потврдува во писмена форма на овластениот застапник или авиопревозник дека пратката содржи такви предмети.

6.4.3. Ако познатиот испраќач повеќе не може да ги исполни своите обврски, статусот на познат испраќач се поништува од страна на соодветниот надлежен орган или овластениот застапник или авиопревозникот кој е одговорен за проверката.

6.5. **Превоз на воздухоплов наменет само за карго**

6.5.1. За еден овластен застапник или авиопревозник да определи субјект како регистриран испраќач, земјите-членки осигуруваат дека се спроведува следнава процедура:

(а) Субјектот поднесува потпишана декларација на обврски, во која е наведено дека:

-го потврдува приемот на национални инструкции за обезбедување на простории, персонал и превоз;

-осигурува дека националните инструкции за обезбедување му се доставуваат на персоналот кој работи во неговите простории;

-го чува каргото на безбедно место додека да му се предаде на овластениот застапник или авиопревозникот;

-прифаќа дека пратките можат да подлежат на безбедносни контроли, вклучувајќи и безбедносен преглед; и

-прифаќа ненајавени инспекции од страна на соодветниот надлежен орган во своите простории, за да оцени дали регистрираниот испраќач ги следи националните инструкции.

Субјектот определува најмалку едно одговорно лице за обезбедувањето во неговите простории и го известува овластениот застапник или авиопревозник за името и податоците за контакт за ова лице.

(б) Овластениот застапник или авиопревозник треба да ги утврди следниве податоци за субјектот:

-податоци за компанијата, вклучувајќи ја и бона фиде деловната адреса;

-природата на деловното работење;

-податоците за контакт, вклучувајќи ги и оние на лицето (-ата) одговорни за обезбедување;

-референтен број за ДДВ или регистерски број на компанијата; и

-банкарска сметка.

(в) Ако овластениот застапник или авиопревозникот е задоволен со информациите наведени под точките (а) и (б), тогаш субјектот може да се определи како регистриран испраќач.

6.5.2. Овластениот застапник или авиопревозник одржуваат база на податоци со информациите наведени во 6.5.1(б). Базата на податоци е на располагање за инспекција од страна на соодветниот надлежен орган.

6.5.3. Ако овластениот застапник или авиопревозник повеќе не е уверен дека регистрираниот испраќач може да се сообразува со националните инструкции, тој го поништува статусот на регистриран испраќач.

## 7. **ПОШТА**

Нема одредби во оваа Регулатива.

## 8. **ПОШТА И МАТЕРИЈАЛИ НА АВИОПРЕВОЗНИКОТ**

Нема одредби во оваа Регулатива.

## 9. **РЕЗЕРВИ И ЗАЛИХИ ЗА КЕТЕРИНГ НА АВИОПРЕВОЗНИКОТ**

Нема одредби во оваа Регулатива.

## 10. **РЕЗЕРВИ И ЗАЛИХИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА АВИОПРЕВОЗНИКОТ**

Нема одредби во оваа Регулатива.

## 11. **ВОЗДУХОПЛОВСТВО ЗА ОПШТА НАМЕНА**

Нема одредби во оваа Регулатива.

## 12. **РЕГРУТИРАЊЕ И ОБУКА НА ПЕРСОНАЛ**

### 12.1. **Национална програма за обука за обезбедување**

Националната програма за обука за обезбедување вклучува услови за обука за справување со недисциплинирани патници.

12.2. **Безбедносен персонал**

12.2.1. *Управување со обезбедувањето на авиопревозникот и на аеродромот*

1. Соодветниот надлежен орган осигурува дека секој аеродром и авиопревозник на Заедницата имаат соодветно квалификувано управување со обезбедувањето. Соодветниот надлежен орган осигурува дека има соодветна организација за управување со обезбедувањето. Вишите менаџери кои се одговорни за придржување кон обезбедувањето на авиопревозниците или аеродромите ги поседуваат потребните нивоа на квалификација, знаење и искуство во кои спаѓаат:

(а) искуство во активностите за воздухопловно обезбедување; или

(б) искуство од други области поврзани со обезбедувањето, како спроведување на правото, војската или други; и

(в) сертификација или одобрение со исто важење од страна на соодветниот надлежен орган; и,

(г) знаење во следниве области:

-безбедносни системи и контрола на пристапот;

-обезбедување на земја и во лет;

-оружје и забранети предмети;

-преглед на тероризам.

12.3. **Друг персонал**

Нема одредби во оваа Регулатива.

## 13. **ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ЗА ОПРЕМА ЗА БЕЗБЕДНОСЕН ПРЕГЛЕД**

Нема одредби во оваа Регулатива.

*Прилог 1:*

Аеродром (и) од кои летовите полетуваат до аеродроми на Заедницата:

-Аеродром Сингапур (SIN),

-Хрватска:

Аеродром Дубровник (DBV)

Аеродром Ријека (RJK)

Аеродром Пула (PUY)

Аеродром Сплит (SPU)

Аеродром Задар (ZAD)

Аеродром Загреб (ZAG).